Упатство за користење на новите функционалности за планирање и реализација на целите на годишно ниво, електронски дневник и пополнување на ЛУ-1 упат

Во ова упатство е детално опишан начинот на користење на новите функционалности што се наведени во насловот, а кои произлегоа од измените во работењето пропишани од страна на ФЗОМ и Министерството за здравство.

ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИ

Согласно упатството и последните насоки дадени од ФЗОМ околу начинот на контрола на реализацијата на целите во 2014 година, во оваа верзија се имплементирани измени и дополнителни функционалности кои ќе Ви овозможат подобар увид во планираните и реализираните цели и подготовка за теренските контроли од страна на ФЗОМ.

ФЗОМ според последното упатство, како реализирани ќе ги смета и пациентите кај кои е делумно реализирана целта, односно пациентите кои започнале со реализација, со тоа што донеле резултати од лабораториски испитувања. Покрај тоа, во реализацијата ќе се сметаат и пациентите кои се поканети но сеуште не се одзвале на поканата, под услов во текот на целата 2014 да не биле на преглед кај матичниот лекар , односно за нив нема евидентиран преглед во дневникот за 2014 година. Како состојба за планираните цели ќе се зема состојбата од 31.12.2014 година, што значи на тој датум ќе треба да се изврши последното репланирање на целите за 2014 и во однос на таа состојба ќе се оценува и реализацијата.

Според упатството, за контрола на реализацијата од страна на ФЗОМ е дефиниран образец , кој ќе ги содржи информациите за планираните, односно реализираните цели и истиот ќе се генерира од софтверот на база на евиденцијата во него, без потреба рачно да се попоплнува.

За таа цел во софтверот извршена е измена кај планирањето на целите, кое сега за превентивните цели се прави годишно, за разлика од претходно кога бројките за планираните цели се пресметуваа квартално. Планирањето на целите се наоѓа во менито ПРЕСМЕТКИ, како што беше и претходно.



Со кликање на копчето ПЛАНИРАЈ ГОДИШНИ ЦЕЛИ, на база на структурата на пациентите ќе се изгенерираат потребниот број на пациенти за реализација на секоја цел одделно, со тоа што бројот на обележаните хронични пациенти за одредена цел се одзема од вкупниот број пациенти предвидени за реализација во 2014 година.



Со кликање на било која од целите во долниот дел од екранот, ќе се прикаже листата на потенцијални пациенти кај кои може да се реализира.



Планирањето на тромесечните цели т.е. бројот на издадени боледувања се врши на стар начин - квартално, и истите може да се видат во горниот дел од прозорецот.

Реализација на цели

И додека реализацијата на целите по пациент се врши на добро познатиот начин, измени се направени при оценувањето на реализацијата, односно при генерирање на извештаите за реализација. Имено , на сличен начин како и кај планирањето, за превентивните цели и целта за СМЕ се врши годишна реализација, при што за СМЕ рачно се обележуваат едукациите кои се реализирани, според упатството со црвена боја кое е дадено на екранот.

За пресметка на реализацијата се клика на копчето РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИ ЦЕЛИ на сликата подоле и за кртатко време софтверот ќе ги прикаже резултатите од реализацијата.



По ова следи делот каде се сконцентрирани новините. Имено како што се гледа на сликата подоле, во менито ПЕЧАТЕЊЕ на прозорецот за реализација се додадени опции за аналитички преглед (по пациенти) на целосно реализирани цели, делумно реализирани цели ,поканети пациенти и реализирани медицински едукации. Последниот извештај - Преглед на реализирани активности за постигнување цели е образецот кој е предефиниран од ФЗОМ и кој ќе го бараат контролорите при проверка на реализацијата на целите. Овој образец ја има формата и се полни со содржината пропишана од ФЗОМ, на начин кој е истот така утврден од ФЗОМ.



Евидентирање на покани за пациентите

За да може ефикасно да се спроведе и искористи опцијата за признавање на поканети пациенти како реализација на цел, неопходно беше да се реализира една ваква функционалност која ќе го олесни изборот и евидентирањето на пациентите кои се поканети. ОВаа фнкционалност моше да се избере од менито ПРЕСМЕТКА -> ЦЕЛИ -> ЕВИДЕНЦИЈА НА ПОКАНИ ЗА ЦЕЛИ.



Со избор на период и лекар, со кликање на копчето ПРИКАЖИ, во долната табела ќе се прикажат сите пациенти на кои може да им се прати покана (т.е. кои немаат реализирано или барем започнато со реализација на целите).

Со оглед на тоа што во реализација ќе се признаваат само пациенти кои се поканети, но пред поканата не се појавиле кај матичниот лекар на преглед во текот на 2014, битно е да може да се избере кои се тие пациенти. Тоа е лесно воочливо во долната табела од екранот, каде во колоната ПОСЛЕДЕН ПРЕГЛЕД е запишан датумот на последен преглед на пациентот во 2014. Како што се гледа од сликата, пациентите кои се во црвената рамка не се погодни за повикување во 2014, додека пациентите во зелената рамка се погодни за покана која ќе се смета во реализацијата.

Изборот на пациентите се врши со штиклирање на полињата од левата колона. Потоа се избира датум за поканите и се клика на копчето КРЕИРАЈ ПОКАНИ ЗА НАЗНАЧЕНИТЕ

ПАЦИЕНТИ. Со тоа означените пациенти ќе се тргнат од долната табела а ќе се појават во горната.



Генерираните покани може да се избришат со F8, со што пациентот пак ќе се врати во долната табела, доколку за него по грешка е генерирана покана. Покрај тоа, на копчето F10 постои и опција за печатење на покана со име презиме и адреса на пациентот, прилагодена за пакување во плико со прозор.

ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЛУ-1 УПАТ

За полесно и попрегледно пополнување на упатот , а и за воспоставување трајна евиденција што точно му е зададено на пациентот за испитување во лабораторија, воведена е оваа функционалност, која сега овозмоува пред печатење на ЛУ-1 упатот, да се обележат точно кои анализи е потребно да му се извршат на пациентот. Претходно, упатот треба да биде закажан во системот на МЗ, односно да има добиено број.

Како што мое да се види на сликата на следната страна, при кликање на копчето за печатење на образецот, пред да се испечати истиот се отвора нов прозор со опција за избор на анализите за пациентот.

Изборот се врши со поединечно кликање на потребните анализи, или со кликање на статус (жолтата линија на сликата) за избор на сите параметри од даден статус. Потоа се оди на копчето ПЕЧАТИ и се печати образецот ос означени анализи кои треба да се направат. Доколку не се избере ниту една анализа, образецот пак ќе се испечати, но без означени анализи.

Овој образец може да се отпечати и подоцна за потреби на лекарот или пациентот, бидејќи податоците за избраните анализи се чуваат во системот.

ЕЛЕКТРОНСКИ ДНЕВНИК

Електронскиот дневник според дефиницијата од Министерство за здравство е последната нова функционалност опфатена со ова упатство. Имено од почетокот на годината постои образец – замена запишаниот дневник, кој се печати на крајот од денот и се чува како дневник. Верзијата од М3 е пропишана со одлука на министерството и е видоизменета во однос на претходната, а ваи и зе лекарите од специјалистичко-консултативна пракса. Покрај тоа, новост е што покрај печатњето,

еднаш дневно за секој лекар податоците од неговата дневна работа електронски ќе се испраќаат во системот на МЗ. (Според МЗ, овој систем ќе биде во тест фаза до 31.12.2014, а од 01.01.2015 задолжително ќе се применува.)

Реализацијата на оваа функционалност која може да се најде во менито ИЗВЕШТАИ -> ЕЛЕКТРОНСКИ ДНЕВНИК МЗ е на следниот начин:



Се избира датумот, лекарот и работанта единица за која ќе се печати и испраќа дневникот (за матичните лекари секогаш се избира основната работна единица, т.е. називот на установата, додека за специјалистите се избира работната единица во која работат). Опцијата за тип на записи се однесува на тоа кои записи (дали нови или изменети) да се испратат кон МЗ, а во моментот функционира само опцијата за нови записи.

Со избор на наведеноте параметри и кликање на копчето ПРИКАЖИ, во табелата ќе се појави дневната евиденција за избран датум и лекар. Потоа со кликање на копчето ИСПРАТИ односно ПЕЧАТИ, содржината од табелата се праќа кон сервисите на МЗ или се печати образецот, кој се потпишува и складира во хартиена форма.